СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија

за учебната 2023/2024 година



Гевгелија, август 2024 година

# Содржина


1. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО ........ 3

2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 година ........ 4

2.1. Материјално-технички услови за работа ........ 4

2.2. Организација на наставниот процес ........ 5

2.3. Образовни профили ........ 5

3. ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО ........ 6

3.1. Број на ученици, успех, педагошки мерки, редовност ........ 6

3.2. Споредбени показатели во истиот период од претходните две учебни години ........ 7

3.3. Државна матура, училишна матура и завршен испит за учениците од завршните класови ........ 8

4. Проект CLOSE ........ 9

5. Еразмус + програма ........ 11

6. Одбележани 70 години гимназиско образование во Гевгелија ........ 13

7. Социјален дијалог за упис во средното образование на општинско ниво ........ 15

8. Патронен празник на училиштето ........ 16

9. Одбележување 50 – годишен јубилеј на збратимени училишта ........ 18

10. Квиз на знаење - Кој знае, знае, кој не, ќе научи ........ 20

11. Промоција на училиштето – Отворен ден ........ 22

12. Интегрална евалуација за работата на СОУ„Јосиф Јосифовски“ ........ 24

13. Завршна манифестација на училиштето „Од најдобрите за најдобрите“ ........ 25

14. Прогласување на ученик на генерација ........ 26

15. ПРИЛОЗИ ........ 27

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ДИРЕКТОРОТ НА СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“ – ГЕВГЕЛИЈА ........ 27

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ ........ 35

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ ........ 40

Годишен извештај на Активот по македонски јазик и литература ........ 43

Годишен извештај на Активот по Англиски јазик ........ 59

Годишен извештај на активот по Германски јазик ........ 60

Годишен извештај на Активот по Француски јазик ........ 61

Годишен извештај на Активот за природни науки и здравствена струка ........ 63

Годишен извештај на активот Економија, право и трговија ....67
Годишен извештај на активот од сектор Машинство ....70
Годишен извештај на активот по математика, физика и информатика....71
Годишен извештај на Активот по Општествени науки и уметности ....75
Годишен извештај на активот од угостителско-туристичка струка ....78
Извештај за проектни активности и содржини програмирани од училиштето....80
Годишен извештај од работата на Училишниот инклузивен тим....81
Извештај за работата на Наставнички совет ....81
Годишен извештај за работата на Училишниот Одбор ....85
Извештај за работата на Советот на родители....92
Извештај за работата на средношколската заедница ....93
Извештај за реализација на активностите од проектот на Меѓуетничка интеграција во образованието (МИО) ....96
Реализирани ЕКО – активности....98
Годишен извештај од Програмата за превенција од насилно однесување ....99
Годишен извештај за реализација на Програмата за советување на родители....100

## 1. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

- Име на училиште: СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија
- Адреса, општина, место: „Македонија“ бр.1, Гевгелија, Гевгелија
- Телефон: +389 34 212 032
- Факс: +389 34 212 032
- Е-пошта: souјј@josifjosifovski.edu.mk
- Веб-страна: www.josifjosifovski.edu.mk
- Основано од: Собрание на Општина Гевгелија (основните права и обврски на УЦ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија се пренесуваат на Општина Гевгелија согласно Одлуката за пренесување на основните права и обврски над постојните државни средни училишта и на градот Скопје и пренесување на права на сопственост на објектите, објавено во Сл. Весник на РМ бр.51/205)
- Верификација-број на актот: 11-187211
- Година на верификација: 12.7.1978
- Јазик за изведување на настава: македонски јазик
- Година на изградба: 1958 година
- Тип на градба: Тврда градба
- Површина на објектот: 3157м2
- Површина на училишниот двор: 11490м2
- Површина на спортски терени и игралишта: 398,75м2
- Училиштето работи во смена: Не
- Начин на загревање на училиште: Централно парно на нафта
- Број на паралелки: 37
- Број на смени: 1
- Образовни профили / сектори : Гимназиско образование, Угостителство и туризам, Машинство, Економија, право и трговија и Здравство и социјална заштита.



# 2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 година

## 2.1. Материјално-технички услови за работа

Училиштето располага со сопствена зграда во која се сместени следните простории:

**Административни простории:**

| ред.бр | Вид на просторија | број | Површина во $m^2$ |
|---|---|---|---|
| 1. | Просторија за наставници | 1 | 60+54 |
| 2. | Просторија за директор | 1 | 25 |
| 3. | Просторија за секретар и технички секретар | 1 | 20 |
| 4. | Просторија за педагошко–психолошка служба | 1 | 20 |
| 5. | Просторија за ученичка организација | 1 | 30 |
| 6. | Библиотека со медијатека | 1 | 92 |
| 7. | Просторија за раководител | 1 | 20 |
| 8. | Угостителска сала | 1 | 200 |

**Простории за изведување настава**

| ред.бр | Вид на просторија | број | Површина во $m^2$ |
|---|---|---|---|
| 1. | Училници за општа намена | 47 | 4339 |
| 2. | Специјализирани наставни простории | 7 | 844 |
| 3. | Простории за информатика | 2 | 194 |
| 4. | Работилници | 2 | 239 |
| 5. | Фискултурна сала | 1 | 505 |

Училиштето е опремено со компјутери, ЛЦД проектори, преносни компјутери за секој вработен, електронски (интерактивни) табли, дигитални камери, три телевизори со LED технологија на дисплеј (65”) и истите се поставени во двата кабинети по информатика и еден во училишната медијатека; три телевизори со LED технологија на дисплеј (65”) и истите се поставени во училишните холови; еден црно/бел фотокопир-принтер-колор скенер, со посебен друм и тонер и еден ласерски мултифункциски апарат (копир, принтер, скенер), еден фотокопир за печатење дипломи од А3 формат, 3 печатачи во наставничка канцеларија и 4 печатачи со скенер во административните канцеларии (директор, секретар, раководител, педагошко психолошка служба). За реализација на ученички активности од областа на астрономијата набавен е телескоп – рефрактор.

Училиштето располага со современ кабинетот по послужување – угостителската сала опремена со најмодерен мебел, инвентар, декоративни паравани кои лесно се поместуваат со цел адаптација на просторот според намената, модерен шанк опремен со шанкерски столици и потребните електрични уреди.

Исто така училиштето има и современ кабинетот по готварство со најмодерни електрични уреди, работни маси и пунктови, печка за пецива, рерна за печење, скара, фритези два главни пункта, печка за пица, миксери, ладилници, разладни витрини, фрижидери и други кујнски елементи, како и соларен систем за постојана топла вода.

За реализација на практична настава на учениците од здравствената струка адаптирана е училница во кабинет по здравство кој располага со современи нагледни средства и опрема (кукла фантом, сензорна рака за практична вежба -поставување инфузии и инјектирање, сензорна задница, кревет за масажа, параван, медицински ормар, сталк за инфузии, модел на карлица, модел на човечко торзо и други помагала );

Училиштето има две работилници за машинска струка, два кабинета биологија, еден кабинет физика, еден кабинет хемија, два кабинети информатика, еден кабинет ликовна уметност, еден кабинет музичка уметност, еден апарат за дијагностика за кабинет по мехатроника и универзални мерни инструменти.

Пред почетокот на учебната година извршено е дезинфекција, дератизација и дезинсекција извршено е бојадисување со мрсна боја на училници и ходници во западниот блок, исперени се завесите во училниците, сменети се сите оштетени ламби, чешми и слично, направена е проверка и смена на оштетена електронска опрема (компјутери, тастатури, глувчиња, проектори и сл).

## 2.2. Организација на наставниот процес

Воспитно-образовниот процес во СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија во наставната 2023/2024 година се реализираше според Годишната програма за работа на училиштето и Календарот на работни денови. Беа планирани 167 наставни дена за учениците од завршните класови и 180 наставни денови за останатите ученици и истите се реализирани.

Согласно законските одредби беа обезбедени услови - безбедна училишна средина за непречена и безбедна реализација на наставата . Успешно се реализираше и феријалната пракса во гевгелиските фирми и претпријатија, со извонредна професионална соработка со работодавачите.

## 2.3. Образовни профили

Во учебната 2023/2024 година во СОУ „Јосиф Јосифовски“ се реализираше настава во вкупно 37 паралелки ( I година - 10, II година - 9, III година - 10 и IV година - 8 паралелки) од следниве образовни профили по години:

| Број на паралеки и број на ученици | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Година Вк. ученици | **Гимназиско образование** | **Економска струка** | **Угостителско–туристичка струка** | **Машинска струка** | **Здравствена струка** | **вкупно паралелки** |
| I - 144 | 4 паралелки<br>86 ученика | Економски техничар - бизнис администратор<br>1/25 | ХТТ - 1 / 25<br>Готвач и келнер<br>1 / 18 | Машински техничар за моторни возила -1/ 22<br><br>Автомеханичар и заварувач-1/ 10 | Гинеколошко-акушерска сестра и физиотерапевт<br>1/ 18 | 10 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| II - 176 | 3 паралелки 49 ученика | Економски Техничар 1 / 25 | ХТТ - 1 / 25 Готвач и келнер -1 /13 | Машински техничар за моторни возила 1 / 14 Автомеханичар и заварувач-1/ 4 | Гин.-акушерска сестра и физиотерапевт 1/ 13 | 9 |
| III - 169 | 4 паралелки 55 ученика | Економски техничар- 2 / 37 | ХТТ -1 / 23 Готвач-Келнер- 1 / 12 | Машински техничар за мот. возила -1 / 21 | Гин.-акушерска сестра и физиотерапевт 1/ 24 | 10 |
| IV - 141 | 5 паралеки 71 ученика | Економскитехничар 1/ 20 | ХТТ -1 / 25 | Машински техничар за мот. возила 1 / 21 | / | 8 |

## 3. ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

### 3.1. Број на ученици, успех, педагошки мерки, редовност

Бројната состојба на ученици на почетокот на учебната 2023/24 година изнесуваше 665 ученика од кои 330 женски и 335 машки.На крајот на учебната година завршија 655 ученика од кои 326 женски и 329 машки .

1. Учениците ги усвоија предвидените наставни содржини и го постигнаа следниот успех:
   - Среден успех на ниво на училиште 4,10
   - На поправен испит се упатија 35 ученика
   - Еден ученик ја повтори годината.
2. Педагошки мерки се изречени на 42 ученика од кои:
   - Писмена опомена од класен раководител -18 ученици
   - Опомена пред отстранување-22 ученика
   -Опомена од директор – 2 ученика
3. Редовноста на учениците како важна компонента за успехот е следната:
   вкупно 33 347 изостаноци од кои:
   - оправдани – 30510 изостаноци
   - неоправдани – 2 837 изостаноци

## 3.2. Споредбени показатели во истиот период од претходните две учебни години

Во врска со успехот на учениците за оваа учебна година може да се констатира дека нема значителна разлика од просекот/успехот постигнат во претходната учебна година. Тоа го потврдува табеларниот приказ:

| У спех | 2021/22 | Процент % | 2022/23 | Процент % | 2023/24 | Процент % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Крај на наставна година - без слаби | 642 | 94,13 | 597 | 94,76 | 617 | 94,20 |
| Крај на наставна година – со слаби | 40 | 5,87 | 33 | 5,24 | 38 | 5,80 |
| Завршиле учебна година | 682 | | 630 | | 655 | |
| Со одличен успех | 292 | 42,82 | 267 | 42,38 | 277 | 42,29 |
| Со мн.добар успех | 172 | 25,22 | 176 | 27,94 | 168 | 25,65 |
| Со добар успех | 165 | 24,19 | 145 | 23,02 | 114 | 17,40 |
| Со доволен успех | 53 | 7,77 | 42 | 6,67 | 96 | 14,66 |
| Среден успех | 4,03 | | 4,08 | | 4,10 | |

Во поглед на редовноста, споредено со претходната учебна година, имаме зголемување на вкупниот бројот на изостаноци, а истото се забележува во делот на оправданите изостаноци ( за околу 3 изостанока по ученик) . Во делот на неоправданите изостаноци нема значителна разлика споредено од минатата учебна година. Гледано за три учебни години наназад се забележува пораст на бројот на изостаноците, кој во голема мера се должи на неодговорноста на учениците кон наставата и злоупотреба на лекарски оправданија.

Табеларен приказ на изостаноци, споредбено со претходните две учебни години:

| Изостаноци | 2021/22 | Просек по ученик | 2022/23 | Просек по ученик | 2023/24 | Просек по ученик |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 26389 | 38,69 | 27 479 | 43,62 | 30510 | 46.58 |
| Неоправдани | 2609 | 3,83 | 2 805 | 4,45 | 2837 | 4.33 |
| Вкупно | 28998 | 42,52 | 30 284 | 48,07 | 33347 | 50.91 |

### 3.3. Државна матура, училишна матура и завршен испит за учениците од завршните класови

Од пријавените 140 ученика за државна матура, во јунска сесија полагаа 135 ученика. положија 124 ученика, а не положија 11 ученика (9 ученика испитот по македонски јазик и 2 ученика по англиски јазика од екстерен дел). Од тие 11 ученика, 6 ученика се откажаа од државна матура, ( 5 ученика се префрлија на завршен испит, а еден ученик на училишна матура), а останатите 5 ученика пријавија полагање на македонски јазик во августовска сесија. Од пријавените 5 ученика, 3 го положија испитот по македонски, а двајца ученика не положија. со што не го оформија средното образование. Вкупниот број на ученици кои положија државна матура завршно со августовска сесија е 127 ученика.

Државна матура (со августовска сесија)

| образование | пријавиле | полагале | положиле | не положиле |
|---|---|---|---|---|
| гимназиско | 73 | 71 | 71 | 0 |
| стручно | 67 | 58 | 56 | 2 |
| Вкупно | 140 | 129 | 127 | 2 /не го оформуваат средно образование |

Училишна матура

| образование | пријавиле | полагале | положиле | не положиле |
|---|---|---|---|---|
| Гимназиско | 1+ 2 /вонредни | 1+ 2 /вонредни | 1+ 2 /вонредни | 0 |
| Вкупно | 3 | 3 | 3 | 0 |

Завршен испит за стручно образование IV- степен

| Квалификација | пријавиле | полагале | положиле | не положиле |
|---|---|---|---|---|
| Хотелско – туристички техничар | 2+11/вонредни | 2+11/вонредни | 2+11/вонредни | 0 |
| Машински техничар за моторни возила | 4+4/вонредни | 4+4/вонредни | 4+4/вонредни | 0 |
| Вкупно | 21 | 21 | 21 | 0 |

Завршен испит за стручно образование III- степен

| | пријавиле | полагале | положиле | не положиле |
|---|---|---|---|---|
| Готвачи | 5 | 5 | 5 | 0 |

## 4. Проект CLOSE




CLOSE – Инклузивни образовни средини и социјално-емоционално учење преку филм“ е образовен проект во кој се вклучени 6 партнер институции од 4 земји, со фокус на поддршка на инклузијата во училишното образование со користење на филм за справување со дискриминација, промовирање на социјалното и емоционалното учење и поддршка на наставниците. Првата меѓународна активност, обука за обучувачи за 30-тина наставници од Италија, Франција, Кипар и Македонија беше организирана во период од 4 до 7 септември 2023 година во Фиренца, Италија. На оваа обука од СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија присуствуваа тројца наставници, педагогот на училиштето и координаторот на проектот. Тие имаа можност да стекнат компетенции за користење на „Кинокит“ – нов сет алатки изработена во рамки на проектот, која ќе им биде достапна за користење на наставниот кадар. Преку споделување на добри практики од искусни професори се запизнаа со методологиите за инклузивно учење, анализа на филмови и уметноста на користење на филмот како едукативна алатка за промовирање на критичкото размислување и инклузивност.



Со помош на кинокитот и другите алатки наставниците може да промовираат инклузија, и недискриминаторски пристапи на иновативен и интерактивен начин, како во наставата, така и во секојдневната соработка со учениците преку филм. Содржините се погодни за многу дисциплини, вклучително и наука и математика, бидејќи преку изборот на соодветни филмови овозможуваат на пријатен начин да се истражат сложените општествени и културни ситуации, поттикнувајќи го интересот на учениците.

Следните активности опфаќаат обука наменета за наставници од основни и средни училишта за можностите за користење на овој иновативен наставен метод и новите дигитални достапни алатки. Започнуваме со тоа како да читаме филм, постепено истакнувајќи ги начините на кои се изразуваат содржините што треба да се истакнат за да се дојде до тоа како да се направи краток филм со група ученици и да се создаде сопствена претстава за ситуациите од интерес.

Ќе следи работа во филмски лаборатории со ученици и наставеници, промовирање на изработените филмски дела. Најуспешните филмови од секоја земја ќе бидат промовирани на завршниот настан на проектот во рамки на меѓународен филмски фестивал во Фиренца, Италија во септември, 2025.

Во текот на месец Февруари преку проектот CLOSE во хотелот „Аполонија“ во Гевгелија се одржа дисиминација за наставниците од СОУ „Јосиф Јосифовски“, кој е носител на проектот, и наставниците од основните училишта од Општина Гевгелија. На дисиминацијата проектниот тим имаше за цел да ги пренесе знаењата и искуствата од посетата во Фиренца, Италија и да дадат насоки за идните активности што се предвидени за реализација преку овој преокт.

Главната цел на проектот е внесување нов метод  во наставниот процес за користење на киното како алатка, за влијание врз когнитивните процеси, поттикнување на критичко размислување, развивање одговорни и инклузивни ставови кај младите луѓе со цел борба против родовите стереотипи, прифаќање на индивидуалниот пол. идентитети и промовирање на самодовербата на сите ученици.

На работилниците од оваа дисиминација беа анализирани досегашните активности на наставниот кадар и нивното користење на филмот како алатка во наставата, но беа изведени и практични вежби со критичка анализа на филм „Peel“.

На крајот од работилницата присутните имаа можност да се запознаат со основните алатки за создавање филм, но исто така и самите се обидоа да направат кадри кои ќе бидат употребени како алатка за совладување на продукциските техники.







## 5. Еразмус + програма

Во рамките на програмата ЕРАЗМУС +, акција КА102 – мобилност на ученици и кадар во стручно образование и обука, поддржано од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, нашето училиште СОУ „Јосиф Јосифовски“ го доби проектот ИНОВАЦИИ И ДВИГАТЕЛИ НА МЕХАТРОНИКАТА ВО АВТОМОБИЛСКАТА ИНДУСТРИЈА, за секторот машинство, квалификација – машински техничар за моторни возилаи проектот ИНОВАТИВНИ БИЗНИС ПРАКТИКИ, за секторот Економија, право и трговија, квалификација – економски техничар/бизнис администратор, со што ја имаме можноста да реализираме мобилност во Барцелос – Р.Португалија, во соработка со партнерската организација MobilityFriends https://mobilityfriends.org/во периодот од 17.9. – 30.9.2023година, преку која ќе развиеме различни вештини вклучувајќи: професионални вештини, социјални и мултикултурни, интеграција во различни средини, одговорности, јазични подобрувања, конкурентност на пазарот на труд и размена на искуства и знаења.




Младинската мобилност е неопходна за развој на претприемнички компетенции и зајакнување на учење засновано на пракса меѓу учениците, а севкупната меѓународна соработка и размена на знаење е особено важна за градење на капацитетите кај наставниот кадар.



Оваа мобилност им овозможува на нашите ученици да стекнат знаења, вештини и навики кои се потребни за вршење на работата во рамки на квалификацијата и оспособување за брзо вклучување во процесите на конкретна технологија на работа.

Нашата цел е учениците да стекнат соодветно искуство во одредено подрачје и да развијат потребни вештини со кои се зголемува нивната подготвеност за вработување и работа, преку извршување работни задачи кај работодавач, согласно со утврдена програма.



Во текот на месец Мај беше реализирана дисеминацијата на проектите: „Иновативни бизнис практики“ реализиран од секторот Економија, право и трговија и „Иновации и двигатели на мехатрониката во автомобилската индустрија“ реализиран од секторот Машинство во рамките на програмата „Ерасмус +“ во Барселос, Р. Португалија. Пред присутните, нашите ученици ги споделија стекнатите практични знаења и искуства, како и впечатоците за културата на Португалија и севкупно за програмата Еразмус+.







## 6. Одбележани 70 години гимназиско образование во Гевгелија

Во народниот театар во Гевгелија на 4 ноември 2023 г. се одржа свечена академија по повод седумдесет годишното постоење на гимназиското образование во Гевгелија.

На академијата беше промовирана монографијата со авторски текстови од професорите по македонски јазик и литература: Даниела Џишева, Александра Ќаеава, Вања Манчева, Жаклина Атанасова, Бисека Макревска и Тони Аврамов.















На манифестацијата свое обраќање имаше директорот Александар Делиџаков, како и гостите – некогашни професори и ученици во СОУ „Јосиф Јосифовски“: Атанас Атанасов, Стојан Ташков и режисерката Марија Џиџева.

Стихови од македонската поетска ризница рецитираа наставниците: Даниела Џишева, Александра Ќаева, Тони Аврамов, Бисерка Макревска, Тања Чугунџалиева, Вања Манчева и Стефчо Стефанов.

Градскиот хор „Гортинија“ и камерниот хор од СОУ „Јосиф Јосифовски“ ја збогатија вечерта со неколку музички точки.











Од нашето училиште патот го започнаа голем број градители на денешното општество, видни и истакнати професори и лекари, архитекти и уметници, политичари и вредни работници. Ние сме императивот со кој се именува плодната иднина, ние сме темелот врз кој се гради иднината на нашата Гевгелија.

СОУ “Јосиф Јосифовски” денес е почитуван и респектиран партнер во заедницата, извор од кој пие приватниот бизнис-сектор, но и непресушен бунар кој го напојува интелектот на јавниот сектор. 70 години спомени. 70 години спој на генерации. 70 години мисија на знаење, квалитет, автентичност, оригиналност. „Јосиф Јосифовски” – гимназија на седумдесетите генерации кои слават јубилеј. Празник на младоста, на радоста, на заедничките спомени. 70 години СОУ “Јосиф Јосифовски” е диригент на образовните и културните текови во градот.

Успесите и постигањата кои се врежани низ страниците на монографијата докажуваат дека учениците и вработените се искрено посветени на работата.



## 7. Социјален дијалог за упис во средното образование на општинско ниво

Во организација на Општина Гевгелија и СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, во Средноучилишниот центар, беше одржана работилница на тема: „Социјален дијалог за упис во средното образование на општинско ниво“. На средбата беа поканети и присуствуваа претставници и раководители од локални компании, директори на основните училишта, наставници, родители, како и претставници на општинската администрација од Одделението за образование во Општина Гевгелија.

Воведно обраќање на работилницата имаше директорот на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, Александар Делиџаков, кој ја искажа својата благодарност за присуството на претставниците од бизнис-заедницата, како и за придонесот во креирањето образовни политики согласно потребите на пазарот на трудот во општина Гевгелија, процесот за успешната подготовка за уписот на ученици во средното образование за учебната 2024/2025 година и унапредување на средното стручно образование. Притоа, преку презентација сподели статистички податоци за бројот на запишани ученици во струките, при што беше констатирано дека интересот на учениците за средно стручно образование расте по воведувањето на дуалниот модел на стручно образование и учење низ пракса во СОУ „Јосиф Јосифовски“, во соработка со локалните компании. Исто така истакна дека СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија со понудата на разновидност на квалификации во стручното образование, динамични и модерни наставни програми, практична обука во компанија, овозможува здрава и сериозна основа за понатамошен успешен кариерен и личен развој на ученикот.









Стручното образование е цврсто поврзано со стопанството, пазарот на трудот и со други социјални системи. Со воведување стратешки промени во техничкото образование, неговото

модернизирање мора да вклучи флексибилно и транспарентно ниво на образование засновано на принципите на доживотното учење, кое треба да одговара на индивидуалните потреби и потребите на пазарот на трудот на национално и локално ниво. Вака конципирано, техничкото образование треба да го поддржи општествено-економскиот развој, нудејќи им на сите запишани ученици, односно на сите поединци можност да стекнат знаења, вештини и компетенции неопходни за вршење работа, односно да се здобијат со квалификации потребни на пазарот на трудот, но и за продолжување на образованието. Тоа треба да го направи техничкото образование доволно отворено и флексибилно за да ги задоволува различните образовни потреби.

Во отворената расправа за унапредување на стручното образование, согласно потребите на пазарот на трудот во Гевгелија, од страна на претставниците на бизнис-секторот беше укажана потребата за воведување нови квалификации во секторот здравство и социјална заштита од делот на стоматологија и фармација.

Работилницата беше спроведена во рамки на Кампањата на Министерството за образование и наука: „Учи паметно, работи стручно“, која има за цел да ја подигне јавната свест за средното стручно образование, да едуцира и информира за неговата важност за националната економија преку унапредување и усогласување на понудата и побарувачката на пазарот на труд.

## 8. Патронен празник на училиштето

СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија го прослави својот Патронен празник со културно-уметничка манифестација во Народниот театар- Гевгелија. Во програмата учествуваа ученици од Училиштето кои пред многубројните присутни се претставија со хорски настапи, изведба на драмски сцени на македонски и англиски јазик, музички настапи и танцови перформанси, подготвени од професорите: Илија Атанасов, Даниела Џишева и Александра Ќаева, Андријана Џинова, Кристина Пренда, Емилија Дуганова и Маја Зафирова. Техничката аудио-визуелна обработка беше на Тони Аврамов.





Во својот поздравен говор, директорот на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, Александар Делиџаков, го честиташе Патрониот празник, истакнувајќи:

– СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија е пример за успешно училиште кое гордо стои чекор напред во иновативниот воспитно- образовен процес, училиште во кое за време од 70 години образование многу ученици успеале да ги постигнат своите цели, да стекнат знаења, вештини и вредности и така подготвени да се вклучат во градење на денешното општество и да го збогатат со своите таленти и способности.



Како и секое друго училиште, така и СОУ „Јосиф Јосифовски“ има предизвици, но со позитивните искуства од минатото, лесно ги надминува и продолжува со успешното образование на следните генерации на ученици.

Еден од главните предизвици во денешното време е постојаното менување на технологијата и брзиот развој на истата. Затоа, нашето училиште го зголемува квалитетот на образование преку професионално развивање на кадарот, ги прифаќа и имплементира најновите технологии за да ги подготви учениците да го развијат својот потенцијал за успешна кариера во иднина.

Иако училиштето е успешно, секогаш има место за подобрување. Треба да се работи и вложува во развивање на стратегии и акции за подобрување на наставниот процес, на вработените и на учениците, како и инвестирање во образовни технологии и иновации кои можат да го подобрат образованието во нашето училиште.

Треба да се биде во тек со најновите трендови и истражувања во образованието и константно да се инвестира во свое професионално развивање и обучување. Исто така вклученоста на родителите, заедницата, локалната самоуправа, приватниот бизнис-сектор во различни активности се важен дел од успехот на училиштето.



На ден 26-ти имаше традиционално положување на свежо цвеќе на бистите на патронот, а истиот ден следуваше и заедничка дружба со колегите и учениците од збратимена општина Инџија, Р.Србија.



## 9. Одбележување 50 – годишен јубилеј на збратимени училишта

Пет децении од првата средба во 1974 година на збратимените  СОУ “Јосиф Јосифовски” од Гевгелија и Техничкото училиште “Михајло Пупин” од Инџија. 50 години спомени. 50 години спој на генерации. 50 години мисија на соработка, блискост, гостопримливост, автентичност и оригиналност.

Голема прослава на образованието и на влијанието на училиштата врз заедницата. Оваа прилика не само што ги одразува постигнувањата и придонесот на училиштата во образованието, туку и не поттикнува сите нас да продолжиме да го цениме и поддржуваме образованието како основа за развој и напредок.






Оваа значајна традиција на збратимување помеѓу училиштата е пример за успешна соработка, разбирање и пријателство што треба да се прославува, почитува и продолжи со исто темпо. Традицијата што ја негуваме е мостот помеѓу минатото и сегашноста. Многу приказни, фотографии, анегдоти, соработка и бројни пријателства се најубавите украси на овој мост.




Во текот на овие 50 години, збратимените училишта имаат остварено значаен напредок во подигнувањето на свеста за меѓународната соработка и сплотеност помеѓу учениците и наставниците. Оваа традиција не само што ги обогатува учениците со различни култури, обичаи и искуства, туку и ги поттикнува да ги разберат и ценат сличностите и разликите помеѓу истите.





Традицијата не е чување пепел, туку живи огнови на животно охрабрување и уверување дека нешто може и треба да трае, за да ја оправда својата цел и значење со генерации. Траен белег на едно постоење, непрекината врска на генерациите, наша сегашност и иднина. И надеж дека засекогаш така и ќе остане!

Нека оваа традиција продолжи да го воспламнува духот на пријателството, поддршката и меѓусебната почит во иднина.

## 10. Квиз на знаење - Кој знае, знае, кој не, ќе научи

Победници на квизот за 2024 година - Ефтим Стоев и Панче Шулев.




Квизот "Кој знае, знае, кој не, ќе научи!" организиран по втор пат за сите ученици од СОУ Јосиф Јосифовски заврши со најдоброто одликување , а тоа е епитетот - поинтересен од лани! Годинава, очигледно позитивно испровоцирани и мотивирани од минатогодишните два пара финалисти и победници од прва година, матурантите покажаа заби и наострено знаење. Победници во финалето оваа година се Ефтим Стоев и Панче Шулев од IV1 клас кои се издвоија од останатите два пара финалисти со 90% точно одговорени прашања. Второто место го освоија учениците Илија Иванов и Љупчо Панов од II1 клас со 76% точно одговорени прашања. А со многу тесна разлика од второпласираните, третото место го освоија Софија Иванова од II1 клас и Ѓорги Новаковски (минатогодишниот победник) од II2 клас со 74% точно одговорени прашања, односно само еден точен одговор помалку од второпласираните.

Им честитаме на победниците и на финалистите за големото покажано знаење, но и на сите останати ученици - вкупно 130 кои годинава учествуваа во квизот. Вашето знаење, вашиот интерес и вашиот израз од кој заклучивме дека си поминавте убаво е наша мотивација да го подобруваме квизот во секое негово следно издание.






Благодарност до директорот Александар Делиџаков за довербата со која ја дочека на "волеј" идејата и го даде потребниот придонес за реализација на квизот. Им благодариме и на колегите од СОУ Јосиф Јосифовски кои помогнаа и со збогатување на банката на прашања, и со искрено охрабрување, и со афирмативно - "браво само напред" намигнување. И секако, благодарност на помагателите со чија несебичност финалистите беа заслужено наградени.



И преостанува уште да го изразиме нашето искрено задоволство за успешноста со која резултираше предизвикот да ја вклучиме и публиката на финалето да се натпреварува помеѓу себе. Со цел да го подбуцнеме компетитивниот дух ја споделуваме и табелата со освоените поени на натпреварувачите во публиката (каде што поени се добиваа и за брзината на точното одговарање) а кои се тие, ќе се препознаат самите.

Ви благодариме!

...и продолжуваме догодина!

Тоа секако веќе го знаете, кој не, ќе научи.

## 11. Промоција на училиштето – Отворен ден

СОУ „Јосиф Јосифовски“ го организираше отворениот ден за полуматурантите коишто ќе се запишуваат во прва година во учебната 2024/2025 година. Учениците од основните училишта од Општина Гевгелија имаа можност да се запознаат со наставните планови и програми и новите можности кои им се нудат.



На поставените штандови, професорите и учениците преку презентации и промотивен материјал, но и практични примери им ги презентираа постојните стручни профили, како и техничките и просторни услови на присутните кои дојдоа на овој отворен ден.











Од учебната 2024/2025 година СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија отвора нови образовни профили за учениците што ќе се запишуваат во прва година: **ЗАБЕН ТЕХНИЧАР** и **ФАРМАЦЕВТСКИ ТЕХНИЧАР.**

Потребата од овие нови образовни профили доаѓа по направените контакти и соработки со сите чинители во Општона Гевгелија и пазарот на трудот.

Учениците од профилот **Забен техничар** низ четиригодишно образование ќе се стекнат со знаења по општо-образовните и стручните предмети и практични умеења и вештини за изработка на: тотални и парцијални акрилатни протези, скелетирани парцијални протези, едноделно леани протетички конструкции фасетирани со синтетски маси, инлеи, онлеи и леани надградби, соло коронки од метал керамика (естетски коронки), се грижи за правилно чување и одржување на апаратите и инструментите, администрирање, евидентирање и документирање на работни налози и материјали

Низ четиригодишно образование учениците од профилот **фармацевтски техничар** се стекнуваат со знаења по општообразовните, стручните предмети и практични умеења и вештини. По завршувањето на училиштето ученикот има можност да работи како фармацевтски техничар во аптека, болничка аптека, во одредени оддели во болница, лабораторија или да го продолжи своето образование на фарацевтскиот факултет или медицинските факултети.

И за двата образовни профила според планот и програмите предвидена е практична настава во училиштето, но и во посочените сектори со кој училиштето ќе склучи меморандуми за соработка.



Согласно Планот за учебната 2024/2025 година, во СОУ „Јосиф Јосифовски“ има 286 слободни места за упис на ученици во прва година средно образование, распоредени во 10 паралелки. Предвидени се 4 паралелки за гимназиско образование, од кои две со настава на македонски јазик и две билингвални – со настава на македонско-англиски јазик, за 136 ученика. Додека, за стручно образование има 150 слободни места, а учениците ќе бидат распределени во 6 паралелки. Односно, по 1 паралелка со по 25 ученика за следниве профили: хотелско-туристички техничар 4. степен, готвач / келнер 3. степен, економски техничар / бизнис

администратор 4. степен, забен техничар / фармацевтски техничар 4. степен, машински техничар за моторни возила 4 степен и автомеханичар 3. степен.

## 12. Интегрална евалуација за работата на СОУ„Јосиф Јосифовски“

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција, во периодот од 18 до 20 декември, 2023 година, се спроведе интегрална евалуација за работењето на училиштето во изминатите четири години.

Целта на интегралната евалуација беше да се оцени квалитетот и ефективноста на воспитно-образовниот процес во училиштето, како и примената на  на законите, другите прописи и општи акти со кои е регулирано средното образование.

Врз основа на целокупната документација, разговорите со фокус групите, посетата од часови,, анализата од прашалниците, работењето на СОУ „Јосиф Јосифовски“ е оценето со оценка 2.91 / добро.

Со конечен извештај од 30.05.2024год., констатирано е следново:

*Јаки страни на училиштето*:

1. Стимулирачка средина за учење
2. Добра училишна клима и добра соработка на директорот со наставниот кадар и стручната служба, административниот кадар, родители и ученици
3. Добро финансиско работење на училштето
4. Убаво уреденпертерно и холтикултурен училишен двор
5. Училиштето добро ја следи редовноста на учениците и располага со податоци за бројот на оправдани и неоправдани изостаноци
6. Јасно зацртани стратегии и планови во Програмата за Развој на училиштето
7. Добра соработка со локалната самоуправа
8. Доброто ниво на комплетната инфраструктура на училиштето која во континуитет се надградува и осовременува
9. Училиштето е безбеден простор за изведување на настава

*Слаби страни на училиштето*:

1. Малку се применува сумативното и формативното оценување на учениците
2. Недоволна работа на Советот на родители на ниво на паралелка и на училиште
3. Мала застапеност на секции во училиштето
4. Малку се користат иновативни форми, методи и техники на настава во процесот на учење
5. Кај одредени предмети при изведување на практичната настава во фирмите, не секогаш е присутен наставник

6. Зголемен број на ученици со намалено поведение
7. Училиштето не располага со санитарен јазол за ученици со физичка попреченост

*Препораки*:

1. Да се обучат наставниците за формативно и сумативно оценување
2. Поголема вклученост на члeновите на Советот на родители
3. Формирање нови секции
4. Поголема ангажираност на наставниците за примена на иновативни техники на учење во наставата
5. Да се зголеми контролата на наставниците при реализацијата на практичната настава
6. Да се превземат мерки за подобрување на поведението кај учениците
7. Да се обезбедат услови во санитарните јазли за ученици со физичка попреченост.

## 13. Завршна манифестација на училиштето „Од најдобрите за најдобрите“

Традиционалната манифестација „Од најдобрите за најдобрите“ посветена на сите оние ученици кои учествуваа и освоија награди на повеќе натпревари, конкурси, манифестации и сл., како и за нивните ментори- наставници.

Манифестацијата се одржа на 07.06.2024 год. во Народниот театар на општина Гевгелија, пропратена со културно-забавна програма организирана од наставници и ученици од училиштето. Од страна на директорот Делиџаков Александар беа доделени благодарници за сите ученици кои освоиле награди или учествувале на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари.

На вкупно 67 ученика се доделија благодарници за освоени места и тоа:

| натпревари | I - место | II - место | III - место | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Општински | 3 | 5 | 4 | 12 |
| Регонални | 10 | 10 | 6 | 26 |
| Државен | 6 | 8 | 10 | 24 |
| Меѓународни | 0 | 0 | 5 | 5 |
| Вкупно | 19 | 23 | 25 | 67 |

Благодарници беа доделени и на ученици кои континуирано во текот на сите четири години учествувале во спортски и драмски секции и училишен хор.

## 14. Прогласување на ученик на генерација

До комисијата за избор на ученик на генерацијата, беа доставени документи на пет ученика и тоа: Кичукова Марија од IV2 клас,  Линков Марко IV2 клас, Прошева Ирина од IV3 клас, Капсарова Нена и Капсарова Никол од IV4 клас.

Доставените документи беа разгледани и бодирани согласно Правилникот за избор и прогласување на ученик на генерацијата . Со најмногу бодови се издвои ученичката Прошева Ирина од IV3 клас, со 513 бода, а второ пласиран беше ученикот Линков Марко со 447 бода..

Комисијата, во состав на педагошко-психолошката служба и класните раководители на спомнатите ученици, до Наставнички совет достави предлог за изборот на ученик на генерацијата - Прошева Ирина, и истиот беше усвоен.

Во текот на средното образование ученичката Прошева имаше одличен континуиран успех, примерно поведение, освоени награди на регионални, државни натпревари,  активности во училиштето и локалната средина,  учество на натпревари, конкурси и манифестации, и други вонучилишни активности.




Како најдобар клас според редовноста и успехот, се покажа III1, со изостаноци од 27 оправдани и 0.5 неоправдани по ученик, а просек на класот е 4.92. Класен раководител Даниела Џишева.

Учеството на натпревари, манифестации и вонучилишни активности е од големо значење за  учениците бидејќи стекнуваат дополнителни знаења и вештини кои им овозможуваат појасно да ги креираат своите идни планови.

Секој наставник е горд на постигањата на своите ученици, горд затоа што се потврдува неговата заложба и неговиот труд во создавањето на младата личност, личност која ќе создава заедничка и успешна иднина на нашата земја.

Иднината им припаѓа на оние кои веруваат во своите соништа и веруваат во себе. Успехот се остварува на патот кон врвот, а не на самиот врв. Успехот не доаѓа сам, туку мора да одиме кон него.

Голема благодарност до ученичката за постигнатиот успех, за посветеноста, трудољубивоста и знаењето што го постигна во своето четиригодишно образование.

## 15. ПРИЛОЗИ

### ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ДИРЕКТОРОТ НА СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“ – ГЕВГЕЛИЈА

Директорот на СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија во работењето во учебната 2023/2024 година се раководеше по следните приоритети:

| I. ВОДСТВО | |
|---|---|
| **I.1.Стратегиско водство** | - Градење, споделување и остварување на визијата заедно со сите вработени за развој на училиштето;<br>- Следење и примена на локалните и националните политики како и глобалните текови во образованието со посебно залагање во спроведувањето на правилниците;<br>- Особено придавање на значењето на соработката со УО и другите органи и тела во училиштето;<br>- Формирање Училиштен одбор за изведување државна матура;<br>- Формирање на Училишна заедница;<br>- Формирање тим за изготвување правилник за избор на ученик претседател на училишната заедница;<br>- Континуирана соработка со психолошко-педагошката служба и другите органи и тела во Училиштето;<br>- Формирање комисии за изведување на вонредни испити и следење на истите;<br>- Формирање тимови за работа и поставување на водачи(претседатели и раководители), давање одговорност на истите и слобода за дејствување;<br>- Формирање тим за изготвување на самоевалуација на Училиштето;<br>- Формирање тим за промоција и рекламирање на Училиштето;<br>- Формирање тим за изготвување апликации за проекти: Еразмус+ , РЦФ, МИО и сл. |

| | |
|---|---|
| **I.2.Училишна клима и култура** | - Поддршка на наставниците и учениците за нивни постигања во делот на наставата, воннаставните активности и нивната соработка со локалната средина;<br>- Подобрување на училишната клима преку заеднички активности меѓу ученици и наставници , квиз на знаење „Кој знае знае, кој не ќе научи“ ,<br>- Зголемен обем на активности предложени и релизирани од Училишната заедница ( натпревари во фудбал, одбележување на Денот на шегата, хуманитарни активности, подготовка и изведба на матурскиот танц и сл).<br>- Обезбеди услови за реализација на наставата од училиште,опремување на кабинетите по готварство и послужување;<br>- Реализација на Еразмус проекти преку кои учениците реализираат практична настава во европски држави |
| **I.3.Соработка со родителите и заедницата** | - Промоција на вредностите на Училиштето од наставниците,учениците и нивните родители;<br>- Реализација на Отворен ден за ученици , родители и партнерите од бизнис секторот за промоција на струките и гимназиското образование;<br>- Отворени денови за консултации меѓу родители и наставници;<br>- Создавање атмосфера на позитивна клима и прифаќање и почитување на сите;<br>- Преку соработка со родителите и менторите од бизнис заедницата се овозможува учениците да учат и да социјализираат во здрава средина, да се чувствуваат без бедни и прифатени, вклучувајќи ги и учениците со посебни образовни потреби;<br>- Обезбеди услови за реализација на активностите од инклузијата, мултикултурализмот, екологија;<br>- Почитување и применување на кодексите за вработените,родителите;<br>-континуирано следење и избор на активности за подобрување на училишната клима и култура;<br>- Директорот и педагошко- психолошката служба преку различни активности заедно со родителите и претставници од бизнис секторот , како и приватни хумани лица преку навремено информирање овозможија помагање на ранливата категорија на ученици (семејно,емоционално,социјално запоставени);<br>- Во текот на полугодието директорот ги поттикнуваше учениците,вработените и родителите да се грижат за напредокот и развојот на училиштето.<br>-Подобрување на комуникацијата на училиштето со родителите(старателите) преку Советот на родители , како и информирање за реализирани активности и вклучување во акции и проекти на родителите преку родителските состаноци;<br>- Соработуваше со институции од областа на образованието (МОН,БРО,ЦСО,ДПИ);<br>- Поттикнување и соработка со други училишта; |

| II. РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ | |
|---|---|
| **II.1. Комуникација и односи со јавноста** | - Презентирање на работата на училиштето и промовирање на постигањата на учениците и наставниците преку локалните медиуми,веб-страницата и социјалните мрежи;<br>- Комуницирање со вработените непосредно во писмена и електронска форма;<br>-Создавање и одржување на позитивни односи со вработените, родителите, учениците;<br>- Планирање и редовно навремено информирање на вработените за состаноци;<br>- Одржување наставнички совети и совети на годината;<br>-Активности за градење на односи со јавноста. |
| **II.2. Унапредување на меѓучовечките односи** | - Континуирани разговори и советувања на вработените во Училиштето, поттикнување на соработка и креирање тимови за реализација на акции, проекти и слично<br>- Поттикнување на добри меѓучовечки односи и надминување на конфликтите меѓу вработените;<br>- Земање во предвид потребите на вработените заради подобра организација на работењето;<br>- Вклучување на вработените во донесување одлуки,поставување цели и промени. |
| **II.3. Професионален и кариерен развој** | - Планирање и обезбедување услови за професионален развој на наставниците и стручните соработници;<br>-Учество на стручни усовршувања;<br>- Следење на стручна литература и информации од обласста на образованието и воспитувањето;<br>- Интерно стручно усовршување на вработените преку непосредни контакти со физичко присуство, но и онлајн;<br>- Идентификација на приоритети за професионален развој на вработените;<br>- Учество во проекти,стручни посети и размена на мислења и искуства организирани од релевантни институции. |
| **II.4. Обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање** | - Поддршка и советување на новоработените;<br>- Промовирање на тимска работа, менторирање и слично;<br>- Континуирано следење на работата на сите вработени и обезбедување соодветна поддршка и развој;<br>- Формирање на тимови и комисии за работа,следење на нивната работа и евалвација на резултатите. |
| **III. ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО** | |

| | |
|---|---|
| **III.1. Планирање** | - Изработка на планови и програма за сопствената работа,односно изработка на динамика за изработка и доставување на годишни планови и планирања;<br>- Увид во годишните,тематските, дневните планирања на наставниците;<br>- Планирање на активности краткорочни во Годишната програма и долгорочни во Развојната програма на Училиштето;<br>- Градење на систем за вклучување на вработените во планирање на работата на училиштето ;<br>- Увид во работата на педагошко-психолошката служба и нивните активности;<br>- Анализи на податоците. |
| **III.2. Поддршка на наставата и учењето** | - Поддршка на наставниците при планирање;<br>-Анализа на сознанијата добиени од следењето на наставата;<br>- Користење на наставата и воннаставните активности (подготовките,реализацијата);<br>- Промовирање на тимска работа, менторирање и слично;<br>- Континуирано следење на работата на сите вработени и обезбедување соодветна поддршка и развој; |
| **III.3. Обезбедување квалитет (евалвација, самоевалвација и развој)** | - Следење и вреднување на ефикасноста на реализација на наставата;<br>- Задолженија за изработка на квалитетен распоред за настава и распоред на училници во услови на онлајн настава;<br>- Следење на реализацијата на Годишните планови и програми;<br>- Поддршка на наставниците да ги следат постигањата на учениците по однос на класови и предмети;<br>-Обезбедување на потребните дидактички средства,работни материјали,инструменти и друг материјал. |
| **III.4. Обезбедување здрава,безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот** | - Обезбедување услови за безбедност и заштита на учениците;<br>- Обезбедување за реализација на додатната, дополнителната настава,проектни активности, слободни часови на училиштето,практична настава,професионална пракса и феријална пракса.<br>- Згрижување и соодветна работа со учениците со посебни образовни потреби;<br>- Формирање инклузивен тим;<br>- Следење на работата наУчилишната заедница. |
| **IV. ФИНАНСИСКО РАКОВОДЕЊЕ** | |
| **IV.1.Раководење со финансиските ресурси** | - Следење на наменското трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет за Училиштето;<br>- Користење на буџетот за подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина со посебен придонес во изведувањето на онлајн наставата;<br>- Информирање на органите и телата за трошењето на финансиските средства;<br>- Обезбедување услови за транспарентно усвојување на кварталните извештаи на финансиските сметки;<br>- Следење континуирано на законитоста на финансиското работење. |

| | |
|---|---|
| **IV.2.Раководење со материјалните ресурси** | - Проценување на потребите и утврдување на приоритетите;<br>- Обезбедување на наставни средства и помагала согласно потребите на онлајн наставата;<br>- Навремено обезбедување со потребните средства за одвивање на секојдневната работа и грижа за нивното рационално користење. |
| **V. ЗАКОНСКО И АДМИНИСТРАТИВНО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО** | |
| **V.1.Примена на законските и подзаконските Акти** | - Обезбедување примена на законската регулатива на Училиштето;<br>- Информирање на вработените и претставниците од училишните органи и тела за релевантните законски прописи. |
| **V.2.Изработка и примена на интерни акти и документација** | - Организирање и учествување во работата на тимови за изработка на интерни акти;<br>- Доследно спроведување на интерните акти;<br>- Спроведување на одлуките на Училишниот одбор. |
| **V. 3. Раководење со административните процеси** | - Формирање и континуирано и непречено функционирање на стручните органи и тела и учествување во нивната работа;<br>- Организирање и следење на работата на вработените и обезбедување соодветни услови;<br>- Давање задачи на вработените, обезбедување да се почитуваат роковите и непосредно раководење со процесот;<br>Воспоставување на добро организиран систем за административно работење согасно соодветна законска регулатива. |
| **V. 4.Примена на Информациските системи во училиштето** | - Обезбедување услови за развој и функционирање на информациските системи;<br>- Одржување и правилно користење на информациско-комуникациската опрема;<br>- Користење на информациски систем во секојдневната работа;<br>- Презентирање на работата на училиштето и промовирање на постигањата на учениците и наставниците преку локалните медиуми, веб- страницата и социјалните мрежи; |

Активности спроведени во учебната 2023/2024 година:

За успешна реализација на учебната 2023/2024 година, јас како в.д. директор учествував во подготвувањето на конкретната Годишна програма за 2023/2024 година и овозможив реализација на планираните активности:

→ За работата на Училиштето да биде успешна, најпрво ги формирав Тимовите за работа со давање одговорност на истите и слобода за дејствување, овозможив изработка на квалитетен распоред за работа на наставниците, ја формирав Комисијата за изведување државна матура, комисиите за изведување на вонредни испити, за Попис на инвентарот и нагледните средства во училиштето, тимовите за инклузија, како и составот на Училишната заедница.

→ Во текот учебната 2023/2024 година имав континуирана соработка со психолошко-педагошката служба и другите органи и тела во Училиштето, поддршка на наставниците и учениците за нивните постигања во делот на наставата, вонnaставните активности и нивната соработка со локалната заедница и сите нив активно ги поттикнував за промовирање на вредностите на Училиштето преку веб-страницата, социјалните мрежи и локалните медиуми.

→ Одржував активна комуникација и позитивни односи со сите вработени настојувајќи на добри меѓучовечки односи, на разрешување и надминување на недоразбирањата меѓу нив, редовно и навремено ги информирав своите вработени со потребните информации на планираните Наставнички совети. Исто така, остварував средби и постојана комуникација со родителите и учениците преку Советот на родители и Училишната заедница соодветно.

→ Континуираноја следев работата на наставниците најчесто преку посета на часови, а на нововработените во повеќе наврати преку советодавни разговори им беше даде поддршка и мотивација за успешна настава од моја страна.

→ Активно учествував во организацијата на повеќе училишни настани, едукации на повеќе содржини како дел од слободните активности за учениците, дебати, активности од хуманитарен карактер, без оглед дали истите се планирани од наставниците, од Училишната заедница или од надворешни невладини и други граѓански организации во соработка со општината или МОН.

→ На покана од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност го претставував СОУ„Јосиф Јосифовски“ на Еразмус деновите кои беа посветени на „Градење капацитети на училиштата“ – иницијатива која ги прави нашите училишта подобри и нашето образование посилно.

→ Бевме домаќини на регионалните натпревари во организација на Здружението на наставници по стручни предмети и раководни кадри од електротехничките, машинските

и сообраќајните средни стручни училишта во РС Македонија, домаќини на работилници против врсничко насилство, меѓуетничка интеграција во образованието и многу други активности.

→ Исто така реализиравме успешна промоција на Училиштето преку отворениот ден за деветто одделенците и нивните родители;

→ Во организација на Општина Гевгелија и СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, во Средноучилишниот центар, беше одржана работилница на тема: „Социјален дијалог за упис во средното образование на општинско ниво“. На средбата беа поканети и присуствуваа претставници и раководители од локални компании, директори на основните училишта, наставници, родители, како и претставници на општинската администрација од Одделението за образование во Општина Гевгелија. Во отворената дискусија за унапредување на стручното образование, согласно потребите на пазарот на трудот во Гевгелија, од моја страна на претставниците на бизнис-секторот им беше укажана потребата за воведување нови квалификации во секторот здравство и социјална заштита од делот на стоматологија и фармација.За истата добив целосна согласност и поддршка од присутните, на штос ум посебно горд.

→ Успешно аплициравме  и е одобрен нов проект од Еразмус+ програмата за 2024 година од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност наменети за стручното образование.

→ Тековно ги реализираме сите активности кои ни се наложени етапно, во однос на одобрениот грант од РЦФ –Регионален Фонд за Предизвици за реализација на проект Иновативен тренинг центар - ХАБ за развивање вештини на иднината. Овој грант од половина милион евра е наменет за машинската, економската и угостителско-туристичката струка. Грантот  е во опрема, нагледни средства од најмодерна технологија, софтверски програми, ИТ опрема, обуки за наставниците и менторите од компаниите, ХАСАП систем и опрема за пракса на учениците од УТТ струка, изградба на објект-опремена работилница за пракса за учениците од машинската струка, опремени канцеларии за пракса на учениците од економската струка. Од страна на општина Гевгелија – одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животна средина од 05.02.2024 добивме правосилно решение со кое ни се одобрува изградба – поставување на фотонапонски електроцентрали на кровната конструкција на источното крило од училиштето, а истата беше предвидена во овој грант. Исто така од 04.04.2024 година ни е издадено правосилно решение – одобрение за градење – доградба на нов тренинг центар и адаптација на објект.

→ Како дел од стратегиската цел од Развојниот план на училиштето за зголемување на бројот на запишани ученици во прва година, спроведен е Прашалник до сите ученици од деветто одделение (246) кои учат во четирите  основни училишта на нашата општина. Заедно со тим наставници направивме посета на основните училишта во нашата и соседните општини и преку презентации ја промовиравме наставата во нашето училиште;

→ Обезбедивме навремено склучување меморандуми со компании за распишување Конкурс за запишување ученици во прва година за учебната 2024/2025 година;

→ Нашето училиште беше издавач на проектот Одржлив културен и рурален туризам во Гевгелискиот регион - успешен проект преку кој може значително да се подобри угледот на училиштето во локалната заедница и пошироко, покажувајќи ангажираност кон иновативно и квалитетно образование. Раководител на проектот е м-р. Бранко Бизоев

→ Со Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип, склучивме отворена соработка за развој на знаења и вештини кај младите, за што нашето училиште доби и Благодарница.

→ Од страна на Црвен крст на РС Македонија, општинска организација Гевгелија, СОУ Јосиф Јосифовски се здоби со признание за поддршка на крводарителството како највисок акт на хуманост и мисијата на Општинската организација на Црвен крст Гевгелија

За подобрување на квалитетот на наставата и учењето, преку наменско трошење на средствата во согласност со одобрениот буџет за Училиштето е направено следново :

☑ Реконструкција на електрична инсталација во угостителска сала
☑ Обновување на 4 вентилатори за греење во спортската сала
☑ За активот по спорт и спортски активности набавена е спортска опрема – дигитален семафор.
☑ Набавени се наставно-образовни помагала 14 интерактивни табли/панели со дисплеј (65”) поставени во западното крило на училиштето (приземје и прв спрат), од кои еден панел во една училница на прв спрат – исток, како и 2 интерактивни панели (75“) поставени еден во кабинетот по физика и еден во угостителската сала. Овие интерактивни панели носат револуција во работењето, овозможувајќи динамично и интерактивно искуство во училницата. Со помош на напредната технологија и

интуитивниот кориснички интерфејс, овие табли го прават процесот забавен и ефективен ;

- ☑ За реализација на ученички активности од областа на физиката набавени се модерни и современи нагледни средства и помагала.
- ☑ Набавени се 10 статични бели табли и една подвижна, како и 10 подвижни и 10 статични столчиња кои ќе бидат наменети за во училишната медијатека и просторијата на средношколската заедница.
- ☑ За одржување на зелениот појас во училиштето набавена е нова тревокосачка и батериска дувалка за лисја.

в.д. директор Александар Делиџаков

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ

*Задачите на педагогот се реализирани преку следниве програмски содржини аналогно на програмата:*

| **Содржина на работа** | **Форми,методи, инструменти** | **Соработници реализатори** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| Прием на ученици во прва година и распоредување по паралелки | Списоци на ученици по ранг листи | Директор, педагог,психолог,кл.раководители | Септември/ реализирано |
| Формирање на групите за проектните активности,слободните часови | Програма за проектни активности | Директор, педагог,психолог,координатори на проектни | Септември/ реализирано |
| Планирање и програмирање на сопствената работа. | | индивидуално | Септември/ реализирано |
| Стручна помош на наставници почетници. | Договор, консултации. | Директор, педагог,психолог наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Учество во работата на стручните органи и тела во училиштето. | Дискусии, договори. | Директор, педагог,психолог наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Увид во документите (пријавите за упис ) на учениците од прва до четврта година | Пријави за упис | Директор, педагог,психолог | Септември/ реализирано |
| Соодветна работа со наставници почетници. | Годишни, тематски планирања и дневни подготовки | Директор, педагог,психолог наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Увид во годишните и тематските планирања на наставниците. | Наставни програми, консултации, стручна литература | Директор, педагог,психолог | Октомври/ реализирано |
| Увид во педагошката документација и евиденција | Дневници за работа, главни книги | Директор, педагог,психолог | реализирано во текот на целата учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење на редовноста и прилагодувањето на учениците од прва година | Дневници за работа | Директор, педагог,психолог,кл.раководители, наставници | Октомври/ реализирано |
| Состанок со родителите на учениците –родителски средби | Извештаи од родителски средби во дневниците | Директор, педагог,психолог,кл.раководители | Октомври/ноември реализирано |
| Контрола како се изведува наставата –посета на часови | Посета на часови,увид во годишни ,тематски планирања и дневни подготовки | Директор, педагог,психолог | реализирано во текот на целата учебна година |
| Советувања-консултативна работа со раководители на паралелки. | Консултации, договори. | Директор, педагог,психолог | Октомври/ реализирано |
| Следење и проучување на стручна литература (индивидуално стручно работење). | | индивидуално | реализирано во текот на целата учебна година |
| Следење и реализација на дополнителната,дополнителната настава, проектните активности и слободните часови на училиштето | Дневник за работа | Директор,педагог,психолог | реализирано во текот на целата учебна година |
| Инструктивно-консултативна работа со наставниците во планирањето на наставата, примената на нови методи и техники, интерактивна настава, примена на ИКТ во наставата, МИО и ЕКО содржини | Дневник за работа | Педагог, психолог, наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Соработка со наставници околу откривањето на талентирани ученици, на ученици со потешкотии во учењето како и ученици со ПОП | Дневник за работа | Директор,педагог,психолог,кл.раководители, наставници, ученици | реализирано во текот на целата учебна година |
| Помош при изработка на ИОП програма | Програма | Директор,педагог,психолог,кл.раководители, наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Присуство на класни часови по потреба и родителски средби по потреба | Консултации, договори | Педагог,психолог,кл.раководители | реализирано во текот на целата учебна година |
| Присуство на советите | Записници од советите | Директор,педагог,психолог,Раководители на паралелки, наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Анализа на успехот квартално и полугодишно | Анализа, извештај | Директор,педагог,психолог,Раководители на паралелки, наставници,раководители на смена | Ноември/јануари/мај/јуни е реализирано |
| Изрекување педагошки мерки на учениците. | Решенија за педагошки мерки | Директор,педагог,психолог,Раководители на паралелки, наставници | реализирано во текот на целата учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Индивидуални и групни разговори со ученици:<br>-со слаб успех или потешкотии во учењето<br>-нередовно посетување на наставата<br>-несоодветно или асоцијално однесување<br>-недисциплина за време на часовите, непочитување на кодексот за однесување во училиште<br>-кои имаат проблем во социо-емоционалниот развој<br>-со кои е водена постапка за изрекување педагошка мерка<br>-со категорија социјални случаи<br>- од 1 ва година кои имаат проблем околу адаптацијата во новата училишна | Разговор,дискусија | Педагог,психолог,Раководители на паралелки, наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Индивидуални и групни разговори со родители на ученици кои пројавуваат<br>. слаб успех или потешкотии во учењето<br>-нередовно посетување на наставата<br>-несоодветно или асоцијално однесување<br>-недисциплина за време на часовите, непочитување на кодексот за однесување во училиште<br>-кои имаат проблем во социо-емоционалниот развој<br>-со кои е водена постапка за изрекување педагошка мерка<br>-со категорија социјални случаи<br>- од 1 ва година кои имаат проблем околу адаптацијата во новата училишна<br>Школа за родители | Дневник за работа, записници од разговор со родители | Педагог,психолог,Раководители на паралелки,наставници, родители | реализирано во текот на целата учебна година |
| Учество во организацијата на ученички екскурзии, училишни, регионални, државни и меѓународни натпревари | Извештаи | Директор,педагог,психолог,Раководители на паралелки, наставници,ученици, родители | реализирано во текот на целата учебна година |
| Организирање работилници,трибини,едукативни предавања(за актуелни теми)<br>**Едукативна работилница на тема „Превенција и заштита од никотинизам, алкохолизам и** | Список за присутност од родители,ученици,наставници | Директор,педагог,психолог,Раководители на паралелки, наставници,родители,претставници од локалната заедница, ученици | реализирано во текот на целата учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **наркоманија“,**<br>**Едукативна работилница на тема „Ментално здравје и ментална хигиена“,**<br>**Едукативна работилница на тема „Кариерно советување и насочување“**<br>**„Еднакви права за сите – родова еднаквост“.**<br><br>**Едукативни предавања на тема „Разрешување конфликти“,**<br>**„Менталното здравје кај младите“,**<br>**„Превенција од насилство“,**<br>**„Методи и техники за успешно учење“,**<br>**“Врсничко насилство“**<br>**„Стереотипи и предрасуди“** | | | |
| Средување на педагошката документација за својата работа и работата на училиштето. | Дневник за работа | Директор,педагог,психолог,Раководители на паралелки, наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Учество во работата на советот на родители | Список на присутност | Директор,педагог,психолог,родители | реализирано во текот на целата учебна година |
| Учество во работата на стручните активи | Извештаи | Директор,педагог,психолог,претседатели на активи,наставници | реализирано во текот на целата учебна година |
| Учество во работата на средношколската организација | Дневник за работа | Директор,педагог,психолог,претседател на средношколска,ученици | реализирано во текот на целата учебна година |
| Систематски прегледи за учениците | Список на ученици | Педагог,кл.раководители,ученици | Октомври/не е реализирано |
| Анкети наменети за ученици,наставници,родители-од актуелни теми<br>**„ Испитување на квалитетот на храната околу училиштето“ , „Дискриминација и насилство“ ,**<br>**„Болести на зависност“**<br>**„Потреби за професионално усовршување на наставниот кадар“** | Анализа од обработка | Директор,педагог,психолог,Раководители на паралелки, наставници,ученици,родители | реализирано во текот на целата учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество на семинари, обуки и друг вид усовршувања **во процесот на кариерно„Значењето на Европас платформата во процесот на кариерно советување“ , „ Ерасмус + Проект„CLOSE“, „Врснички форум театар против насилство во училиштата“ – ЗГ од Станица до границица /Рубикон/МОН, „Пристап и постапување- родово базирано и семејно насилство на локално ниво“, „Инклузивни образовни средини и социјално- емоционално учење преку филм“ , „Местото и улогата на педагозите во подобрување на работата на училиштето“ , „Современиот наставник применува и развива кај учениците критичко мислење“ .** | Сертификат за учество | Индивидуално | реализирано во текот на целата учебна година |
| Спроведување на хуманитарни акции-хуманоста на дело | Дневник за работа,средношкол ска организација | Директор,педагог,психолог,Раково дители на паралелки, наставници,ученици,родители | реализирано во текот на целата учебна година |
| Издавање решенија за корекција на грешки при водењето на педагошката евиденција | Решенија за грешки | Директор, педагог | реализирано во текот на целата учебна година |
| Изготвување на разновидни анкетни листови, куќен ред, прегледи, шаблони и друго | Формулари | Директор,педагог,психолог | реализирано во текот на целата учебна година |
| Соработка со локалната средина | Извештаи | Директор,педагог,психолог | реализирано во текот на целата учебна година |

***Маја Проданова -педагог***

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ

Задачите на училишниот психолог се реализирани прекуследниве програмски содржини:

| **Содржина на работа** | **Ресурси, инструменти** | **Соработници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|---|
| Планирање и програмирање на сопствената работа | Стручни компетенции и подрачја на работа /документ од МОН | индивидуално | Септември |
| Стручна помош на наставници почетници/приправници | Стручни консултации.<br>Годишни, тематски планирања и дневни подготовки | Директор, педагог, наставници | Учебна година |
| Увид во годишните и тематските планирања на наставниците. | Наставни програми, консултации, стручна литература | Педагог | Октомври |
| Увид во педагошката документација и евиденција | Е- дневници за работа, главни книги | Директор, педагог, | Учебна година |
| Следење на редовноста на учениците | Е-Дневници за работа | Кл.раководители, педагог, наставници | Октомври |
| Следење на реализацијата на наставата | Посета на часови<br>Квартални извештаи | Наставници, педагог | Учебна година |
| Советувања и консултативна работа со класни раководители | Консултации,<br>Програма на ОЖВ | Кл.раководители, педагог | Октомври |
| Следење и реализација на додатната, дополнителната настава, проектните активности и содржини програмирани од училиштето | Е-Дневник за работа<br>Квартални извештаи | Директор, координатори на проектни, наставници, педагог | Наставна година |
| Инструктивно-консултативна работа со наставниците во планирањето на наставата, примената на нови методи и техники, интерактивна настава, примена на ИКТ во наставата, МИО и ЕКО содржини | Дневно-оперативни планирања на наставници | Педагог, наставници | Наставна година |
| Соработка со наставници околу откривањето на ученици со потешкотии во учењето како и ученици со ПОП | ИОП планирања | Наставници, педагог, кл.раководители, родители | Наставна година |
| Стручна помош на наставници кои работат по ИОП | Програма<br>ИОП образец | Педагог,  наставници од инклузивниот тим | Наставна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество на класни и наставнички совети | Записници од советите | Директор, педагог, кл. раководители, наставници | Учебна година |
| Анализа на успехот и редовноста на учениците | Полугодишен извештај | Директор, раководител, педагог | Јануари |
| Изрекување педагошки мерки на ученици | Записници<br>Решенија за педагошки мерки | Директор,педагог, раководители на паралелки, наставници | Наставна година |
| Индивидуални и групни разговори со ученици кои:<br>-постигнуваат слаб успех или имаат потешкотии во учењето, како и ученици со ПОП<br>-нередовно ја посетуваат наставата /голем број изостаноци<br>-манифестираат несоодветно или асоцијално однесување<br>-покажуваат недисциплина или некоректен однос<br>-имаат проблем во социо-емоционалниот развој на личноста или други здравствени проблеми од психолошка природа<br>- имаат нарушување на менталното здравје<br>- имаат проблем во адаптацијата или интеракцијата во училишната средина<br>-имаат лична потреба од психолошка поддршка и помош | Советодавен разговор,<br>записници | Педагог, раководители на паралелки, наставници, родители,<br>УИТ, ИТУ, релевантни институции | Наставна година |
| Индивидуални или групни разговори со родители на ученици кои:<br>- покажуваат намален успех во учењето / 58 родители, и 91 ученик;<br>-нередовно посетуваат настава / 63 родители, ученици;<br>- несоодветно однесување во училиштето / 10 | Закон за средно образование, правилници, Е-Дневник , записници од разговор со родители | Педагог,Раководители на паралелки,наставници, родители | Наставна година |
| Организирање работилници и едукативни предавања на | Список за присутност<br>Стручни материјали | Педагог, раководители на паралелки, ЗГ „Поддршка“, | Наставна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| тема:<br><br>- „Врсничко насилство и превенција од насилство<br>- „Разрешување конфликти“<br>-„ Ментално здравје и ментална хигиена“,<br>- „ Превенција од болести на зависност“<br>-„ Кариерно советување и насочување на учениците“,<br>- „ Еднакви права за сите- стоп за дискриминација<br>- „ Родова еднаквост“<br>- „Стереотипи и предрасуди“ | | наставници | |
| Учество во работата на Совет на родители | Список на присутност<br>Записник | Директор, педагог, родители | Наставна година |
| Учество во работата на стручните активи | Извештаи | Директор,педагог, наставници | Учебна година |
| Учество во работата на средношколската организација | Дневник за работа | Директор,педагог, одговорен наставник ученици | Наставна година |
| Анкети наменети за ученици, наставници и родители, на теми:<br>- „ Дискриминација и насилство“,<br>-„ Потреби за професионално усовршување на наставниот кадар“<br>-„Болести на зависност кај младите “ | Анкети<br>Анализа од анкети | Директор, педагог, раководители на паралелки, наставници, ученици, родители | Наставна година |
| Учество на семинари, обуки и друг вид усовршувања:<br>1 „ Пристапи и постапување на родово базирано насилство и семејно насилство “<br>2 „Унапредување на менталното здравје и добросостојба на адолесцентите“<br>3 „Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи“ | Сертификат за учество | Индивидуално<br>Групно | Учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Внес на податоци/пријави на ученици кои полагаат државна матура и организација на државна матура | Пријави и потврди<br>Попис на акти | Класни раководители, УМК, ДИЦ | Јануари, јуни, август |

Училишен психолог
Светлана Митровска

## Годишен извештај на Активот по македонски јазик и литература

Активот по македонски јазик и литература учебната 2023/2024 година ја релизира во состав од професорите:

1. Тони Аврамов
2. Жаклина Атанасова
3. Наталија Лазарова
4. Бисерка Макревска
5. Вања Манчева
6. Славица Маркова
7. Александра Ќаева
8. Тања Чугунцалиева
9. Даниела Цишева

Реализација на наставните програми и планови:

Според програмата на Активот, сите професори наставната година ја започнаа со подготвени годишни наставни програми и планови. Исто така, во состав на Активот се доделени за реализација проектни часови од областа на Литературни клубови и драмска секција: Литературни клубови и драмски секции – Медиумски клуб (весник, клуб Јоска, веб страна), ментор: проф. Тони Аврамов, Литературни клубови и драмски секции – Драмска секција, ментор: проф. Даниела Цишева; Литературни клубови и драмски секции – Драмска секција и Училиштен весник, ментор: проф. Жаклина Атанасова; Литературни клубови и драмски секции – Драмска секција, ментор: проф. Александра Ќаева; Литературни клубови и драмски секции – Литературен клуб, ментор:  проф. Бисерка Макревска. Содржини програмирани од училиштето - Ученичка компанија, ментор; проф. Тања Чугунцалиева.

Училишната библиотека работи со полн фонд на часови – проф. Наталија Лазарова.
Активот од 1 септември до крајот на прво полугодие своите активности ги изведуваше според препораките на Министерството за образование и според дадените упатства на училиштето. Утврдено е дека сите наставни планови се реализирани и сите предвидени цели се остварени.

### 1. Среден успех по класови на Активот по македонски јазик и литература

1.

| Тони Аврамов | I - 4 | II – 2 | II - 5 | IV - 6 | | | | | | **Ср.успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 4.85 | 4.16 | 4.48 | 4.15 | | | | | | 4.52 |
| Говорење и пишување | | 5.00 | | | | | | | | 5.00 |

2.

| Жаклина Атанасова | I - 6 | III - 4 | IV - 1 | IV - 3 | | | | | | **Ср.успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 4.02 | 4.7 | 4.68 | 4.9 | | | | | | 4.57 |
| | | | | | | | | | | |

3.

| | |
|---|---|
| Наталија Лазарова<br><br>Училишна библиотека | Училишната библиотека е библиотека од затворен тип,нејзина основна цел е помагање на вкупниот воспитно-образовен процес и ширење на книжевноста, научната и општата култура на учениците.Библиотеката собира ,стручно обработува и дава на користење библиотечен материјал потребен на учениците ,наставниот кадар и останатите вработени во училиштето.Книжниот фонд на училишната библиотека се средува според принципот на слободен пристап до книгата .Затоа една од задачите на библиотекарот е да му помогне и да го поттикне ученикот не само да се служи со библиотеката ,туку и да ја развие неговата свест со значењето на книгата и навиките тие да се чуваат.Училишниот библиотекар изработува правилник за организација на библиотеката ,донесува правилник за користење на книжниот фонд ,ја следи состојбата во издавачката дејност и во рамките на планираните финансиски средства на училиштето да се овозможи комплетирање на книжниот фонд според потребите на училиштето .Библиотекарот задолжен е да врши прием и евидентирање на нови лектирни изданија и нови учебници ,подготвува документација за прием на учебници ,прави поделба на учебници по класови и го |

| | |
|---|---|
| | извршува електронското внесување на ново добиените книги и учебници.Училиш-ната библиотека заклучно со 2023/24 до месец јуни ,располага со околу 13 721 книги (лектирни изданија)кои се наменети за позајмување на учениците од прва до четврта година ,како за гимназиските така и за стручните паралелки .Освен книгите, во училишната библиотека има и околу 16 047 учебници кои се доставуваат како во сите така и во нашето училиште со проектот ,,Бесплатни учебници “ дадени на располагање за сите ученици во гимназиските и стручните паралелки и стручна литература која може да ја користат сите вработени во гимназијата. Библиотеката и медиотеката претставуваат едно катче каде што може сите ние заедно да се релаксираме и да го збогатиме нашиот речник со некоја убава прочитана книга . |

4.

| Бисерка Макревска | I - 2 | I – 3 | IV - 2 | IV - 4 | | | | | | **Ср.успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 4.48 | 4.79 | 4.23 | 5.00 | | | | | | 4.62 |
| | | | | | | | | | | |

5.

| Вања Манчева | III - 8 | III - 10 | | | | | | | | **Ср.успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 3.09 | 2.50 | | | | | | | | 2.79 |
| | | | | | | | | | | |

6.

| Славица Маркова | I - 5 | II – 6 | II - 7 | III - 5 | III - 7 | IV - 7 | IV - 8 | **Ср.успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 4.67 | 2.36 | 2.28 | 3.8 | 2.6 | 3.10 | 3.16 | 3.16 |
| | | | | | | | | |

7.

| Александра Ќаева | I - 1 | II - 3 | II - 4 | II - 8 | IV - 5 | | | | | **Ср.успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 4.15 | 4.57 | 5.00 | 2.77 | 4.00 | | | | | 4.09 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |

8.

| Тања Чугунцалиева | I - 7 | I - 8 | I - 9 | I - 10 | II - 9 | III - 6 | | **Ср.успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 3.00 | 3.44 | 2.78 | 2.4 | 2.5 | 4.82 | | 3.15 |
| | | | | | | | | |

9.

| Даниела Џишева | II - 1 | III - 1 | III - 2 | III - 3 | III - 9 | | | | | **Ср.успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 4.35 | 5.00 | 4.64 | 4.37 | 4.29 | | | | | 4.53 |
| | | | | | | | | | | |

*Среден успех на активот по Македонски јазик и литература е: 3.92*

*Говорење и пишување 5,00*

***Тони Аврамов***

**1. Формирање медиумски клуб**

Младинскиот образовен форум (МОФ) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ) објавија повик за основање новинарски клубови (секции) во основните и во средните училишта од државава. Новинарските клубови се реализираат во рамки на проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“.

Новинарските клубови треба да вклучуваат едукативни и практични активности кои ќе се одвиваат во рамки на воннаставните активности.

СОУ „Јосиф Јосифовски“ со Клуб „Јоска“ од Гевгелија во конкуренција од сите основни и средни училишта од Македонија е избран како еден од десетте најдобри апликанти под раководство на професорот Тони Аврамов.

**2. Издавање на месечен електронски магазин „ЈОСКА“**

Во рамките на работата на медиумскиот клуб „Јоска“ и проектната активност под раководство на професорот Тони Аврамов од почетокот до крајот на првото полугодие беа издадени четири електронски магазина.

На весникот работеа следните ученици: ЃОРГИ НОВАКОВСКИ, ВЕРИЦА МАРКОВСКА, ДАНЧЕ НИКОЛОВА, АНДРЕЈ ДИМОВ, ИВАНА ГРУЈИЌ,МАРИЈА МАЧУКОВА, АЊА ПОП-КОСТОВА, БЛАГИЦА СТУПАР, СТЕФАНИЈА МАРКОВА, АНДОН МАЏУНКОВ, ВИОЛЕТА ЧУГУНЦАЛИЕВА, МАРИЈА АТАНАСОВА, БИЛЈАНА КАДИЕВА, МАГДАЛЕНА ШУКЛЕВА, ЛЕАНА ЈАНКОВСКА, ЈОВАНА ДИЧЕВА, АНГЕЛА ИВАНОВА, СИМОНА ДИЧЕВА, МИХАЕЛА

КАРАИВАНОВА, АНАСТАСИЈА АТАНАСОВА, ЈОВАН ГРОЗДАНОВ, АНГЕЛА ЈАНЕВСКА, НИКОЛА ЈАНКОВСКИ, ТИЈАНА ГОЦКОВА, СНЕЖАНА ТАСЕВА, СОФИЈА СТОЈАНОВА, НИКОЛА ЧАКАРОВ, МАРИЈА МАЧУКОВА, АНГЕЛ АЕВСКИ, АНГЕЛА КОСТАДИНОВА.

**3. Дизајнирање и активирање на веб-страница**

Медиумскиот клуб „Јоска“ во рамките на својата програма ја дизајнираше новата веб-страница на клубот изработена од ученикот Ѓорги Новаковски. Страницата е активна со домен www.klubjoska.mk . На страницата се постираат и објавуваат текстови и фотографии изработени од учениците од клуб „Јоска“.

**4. Посета на национални медиуми**

Членовите од Новинарскиот клуб „Јоска“ при СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија заедно со ученици од основните училишта од општина Гевгелија беа во посета на Медиумската информативна агенција (МИА) и националната телевизија ТВ 21. Целта на посетата беше учениците да се запознаат со подготовката на веста, од нејзиното создавање до нејзиното праќање во етерот – до читателите и гледачите. Меѓу другото учениците се запознаа и со техничкиот начин на подготовка на вест, дневно-информативни емисии и други медиумски производи.

За предавањето во Медиумската информативна агенција беа задолжени директорот на агенцијата Драган Антоновски и уредникот Билјана Анастасова – Костиќ. Во националната ТВ 21, заменикот главен и одговорен уредник Един Растодер им објасни на учениците како се снимаат дневните информативни емисии, но учениците и сами се обидоа да застанат пред камерите и да ја почувствуваат магијата на телевизискиот медиум.

Посетата беше во рамките на проектот „Јас=Медиум“ на ЗГ „Од станица до граница“ од Гевгелија.

**5. Учество на натпревари**

Учество на Регионалниот и Државниот натпревар по македонски јазик и литература:
Ученици: Верица Марковска и Ѓорги Новаковски

Учество на Месец на книгата 2023: Виолета Чугунцалиева (прва награда за есеј) и Ѓорги Новаковски (трета награда за есеј);

Учество на Интернационалниот поетски фестивал „Замокот на Дуино“ 2023: Тијана Гоцкова

Во текот на првото полугодие Медиумскиот клуб „Јоска“ воспостави соработка со националниот медиум „Медиум“. На овој медиум беа објавени текстови со активности од СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија кои беа реализирани од страна на членовите на клубот.

Учество на МАССУМ во категорија за Најдобра ВЕБ страна.

Ученик: Ѓорги Новаковски

Учество на МАССУМ во категорија за Најдобра фотографија.
Ученик: Андреј Димов

### 6. Обуки и проекти

15 Септември 2023, прва координативна средба со членовите од проектот CLOSE;

5.10.2023 г. Работилница за употребата на македонскиот јазик на социјалните медиуми (прва група) ;

5.10.2023 г. Работилница за употребата на македонскиот јазик на социјалните медиуми (втора група);

5 Октомври 2023 г. Трибина на тема: Врсничко насилство во училиштата (организатор: Црвен крст – Гевгелија)

16 Октомври 2023 г. работилница на тема: Позитивните и негативните влијанија на социјалните мрежи;

Подготовка и печатење на МОНОГРАФИЈА по повод 70 години гимназиско образование во Гевгелија работеа професорите од Активот по македонски јазик и литература: Тони Аврамов, Даниела Џишева, Александра Ќаева, Вања Манчева, Жаклина Атанасова и Бисерка Макревска;
3 Ноември 2023: Манифестација: 70 Години гимназиско образование во Гевгелија (Актив: Тони Аврамов, Даниела Џишева, Александра Ќаеава, Тања Чугунцалиева, Вања Манчева, Бисерка Макревска);

10 И 11 ноември 2023 – обука за формирање новинарски клубови (организатори:  МИМ, МОФ, БРО, МОН);

14 Ноември 2023, работилница за основи на новинарството;

4 декември 2023 година учество на обука за врсничко насилство од страна на АКАДЕМИЈА ЦЕС (организатори:  БРО, МОН);

30 Август 2023 – Обучувач во југоисточниот плански регион во основни училишта (Струмица, Радовиш, Ново село) на тема Врсничко насилство и кибер-насилство (организатор БРО и МОН);

Од 11 до 14 декември 2023 обучувач на тема: „Врсничко насилство и справување со насилството во училиштата“ во СОУ „Кирил и Методиј“ во Неготино и СОУ „Добри Даскалов“ во Кавадарци. Обуката е извршена на сите наставници што предаваат во гимназиски паралелки (организатори:  БРО, МОН);

18-20 Декември 2023, Филмска работилница со Марија Џиџева и членови од драмската гупа „Дон Кихот“ и клуб „Јоска“;

Август – декември: координативни активости преку проектот „Јас=Медиум“.

Активности од Еразмус плус проект ,,CLOSE“( октомври, ноември и декември). Инклузивно учење и социо – емоционално учење преку филм.

**<u>ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА МЕДИУМСКИОТ КЛУБ „ЈОСКА“</u>**

Период: септември 2023 – мај 2024

**Извештајот го пополнува наставникот**: Тони Аврмов

СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија

Во текот на учебната година Медиумскиот клуб „Јоска“ реализираше активности поврзани со медиумската писменост.

На конкурсот што го распиша МИМ, МОФ, ИКС и МОН, Медиумскиот клуб „Јоска“ беше избран да работи во рамките на проектот „Младите размислуваат“.

Клубот објави 9 електронски магазини на кои со свои текстови учествуваа 32 ученика од сите образовни профили од СОУ „Јосиф Јосифовски“.

Препознаени од заедницата членовите учествуваа во локални настани организирани од Општина Гевгелија, здруженија и фондации.

Во месец септември 2023 година Клубот ја креира и отвора веб-страницата www.klubjoska.mk

На 6 април 2024 година членовите на „Јоска“ ја посетуваат Македонската радиотелевизија, а за својата работа во Утринската програма учествуваат како гости.

Клубот активно учествуваше во проектот „Јас = Медиум“ на ЗГ „Од станица до граница“ од Гевгелија, а членови од Клубот беа дел од филмските работилници под раководство на режисерката Марија Џиџева.00

Членовите на Клуб „Јоска“ при СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија го посетија и Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје.

Учениците од Гевгелија водени од професорите по македонски јазик и литература Даниела Цишева и Тони Аврамов имаа можност да ја посетат собата на Крсте Петков Мисирков и да се запознаат со неговиот живот и дејност.

На државниот натпревар за најдобар медиумски производ, организиран од МИМ, МОФ и ИКС преку проектот „Младите размислуваат“ Клубот го освојува второто место.





**Активности преку проектот „Јас=Медиум**“

**Реализација на интерактивни работилници со новинар и професори (сертифицирани за обука за медиумска писменост) и ученици претставници на училишните заедници**

Работилници со новинарката од Институтот за комункациски студии Александра Теменугова се одржа на 28.9.2023 г. во СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија;

**Реализација на работилница по македонски јазик и литература за употребата на македонскиот стандарден јазик во медиумите се одржа на 20.2.2024.**

19.2.2024 (Четврта група) Работилница за употребата на македонскиот јазик на социјалните медиуми;

**Интерактивна работилница со дипломираниот психолог Розита Андонова за последиците што може да настанат од прекумерната употреба на интернетот и**

**социјалните мрежи** се одржа на 25.10.2023 во медијатеката во СОУ „Јосиф Јосифовски“ Гевгелија;

17.11.2023 Интерактивна работилница со дипломиран психолог ООУ „Ристо Шуклев“Негорци

**<u>Работилница со режисер за филмска писменост и подготовка и изработка на видеа за медиумска писменост</u>**

Во периодот од 18- 20 декември 2023 година, во просториите на СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија, се оддржа филмската работилница „Игри со вистината“ со режисерката Марија Џиџева

Активностите беа поделени на два дела: теоритски и практичен. Во првиот дел, преку презентација, со кратки филмски лекции, учениците беа запознаени со почетоците на филмот. Беа прикажани првите филмови на браќата Лимиер и браќата Манаки, правејќи корелација на овие артефакти, кои се кратки опсервациски прикази на настани и ситуации од секојдневниот живот, со совремниот начин на визуелно изразување на младите генерации („стори“, „рилс“...), и се иницира простор за размислување и дискусија за тоа што е филм и како се создава. Втората едукативна тематска единица беше „Како да се раскаже филмска приказна“, каде се запознаа со процесот „од идеа до филм“, добивајќи основни познавања за сите фази во креирањето на едно филмско дело, како и за формите во кои може да биде реализирано. Во практичниот дел, учесниците работеа во групи и снимаа кратки опсервациски форми, на главната тема- медиумска писменост и поврзани со ситуации кои се случуваат во моментот на реализација, а инспирирани од филмовите на браќата Манаки. Се изработија повеќе едноминутни опсервациски филмски форми, кои ќе бидат основа за развивање на три сценарија за снимање на три кратки филма,

**<u>Посета на национален медиум</u>**

На 2 декември 2023 г. ученици од основните и средното училиште од општина Гевгелија беа во посета на Медиумската информативна агенција (МИА) и националната телевизија ТВ 21. Целта на посетата беше учениците да се запознаат со подготовката на веста, од нејзиното создавање до нејзиното праќање во етерот – до читателите и гледачите. Меѓу другото учениците беа запознати и со техничкиот начин на подготовка на вест, дневно-информативни емисии и други медиумски производи.

За предавањето во Медиумската информативна агенција беа задолжени директорот на агенцијата Драган Антоновски и уредникот Билјана Анастасова – Костиќ. Во пријатна атмосфера и со практични вежби учениците имаа можност на лице место да видат како се создава новинарскиот продукт, но и да поразговараат со новинарите и начинот на нивното работење.

Во националната ТВ 21, заменикот главен и одговорен уредник Един Растодер им објасни на учениците како се снимаат дневните информативни емисии, но учениците и сами се обидоа да застанат пред камерите и да ја почуваствуваат магијата на телевизискиот медиум.

**Литературен и фото конкурс**

Комисијата во состав: Петар Јанчев, Розета Картова и Тони Аврамов ги разгледа сите пристигнати творби од основното и средно образование од училиштата од општина Гевгелија и ги додели наградите на следните учесници:

1. Ивана Грујиќ: „Кога минатото би било пресликано во денешната реалност“ (фотографија) 4000 ден.

2. Андреј Димов и Леана Јанковска: „Технологијата наследник на пишаниот медиум“ (фотографија) 3000 ден.

3. Ѓорги Новаковски и Марија Мачукова: „Кога зборува сегашноста минатото не треба да молчи“ (фотоприказна) 2000 ден

на таквите содржини.

**Втора посета на национален медиум**

На 2 декември 2023 г. ученици од основните и средното училиште од општина Гевгелија беа во посета на МТВ и Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје.

На **завршниот настан** беше прикажана подготвената театарска претстава „И сега што правиме“, во режија на Даниела Џишева.

Како професор

- Уредник на монографијата „70 Години гимназиско образование во Гевгелија“;
- Учесник и организатор на манифестација поп повод одбележувањето на 70-годишниот јубилеј на Училиштето;
- учесник во организацијата на патрониот празник со изработка на видеа (презентација на постигањата на Училиштето преку фотографии)

Два ученика од Медиумскиот клуб “Јоска” беа учесници на седумдневниот камп во хотел “Изгрев” во Струга. Ученикот Андреј Димов и Димитар Стојчевски активно се вклучија во работилниците организирани од Институтот за комуникациски студии. Андреј Димов со својата екипа го освои второто место со истражувачката сторија за вештачка интелигенција, а Димитар Стојчевски со тема за дезинформациите и последиците од нив го освои третото место.

***Жаклина Атанасова*:**

1. **Манифестации, активности, натпревари и награди:**

Трето место на Регионален натпревар по македонски јазик и литература
Организатор: СДМЈЛ
Ученик: Ирина Прошева IV3

Трето место на Државен натпревар по македонски јазик и литература
Организатор: СДМЈЛ

Ученик: Ирина Прошева IV3

Учество на Меѓунероден поетски конкурс „Замокот на Дуино“, Трст, Италија
Организатор: Поезиа де солидариета
Ученици: Ивана Јанева, Ивана Ѓорбашлиева и Михаела Костадинова (I6)

Учество на конкурс за најдобар есеј
Организатор: ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“, Гевгелија
Ученик: Ирина Прошева IV3

Новогодишно забавно шоу „Твоето лице како да ми звучи познато“ –
„Лицето на македонската народна реч“
Учесници: Драмска група „Титанија“ и Градски детски хор „Божилак“
Ментори: Жаклина Атанасова и Илија Атанасов

Учество и пофалница на Државен натпревар по рецитирање, организатор СДМЈЛ
Ученик: Адријана Ристевска

Подготовка на драмска претстава “Бегалка” од Васил Иљоски, учесници: Драмска група “Титанија” – Сандра Шапкарова, Мартин Карјанов, Ѓорге Чавдаров, Ирина Прошева, Ива Цицмиловиќ, Михаил Попов, Димитар Урумов, Васка Кованцалиева, Вања Стоименова, Костадин Прошев, Костадин Танев, Илина Иванџикова.

Учество на МАССУМ во категорија најдобра поетска творба.
Ученик: Јасмина Јовановиќ

Брошура “Животот е уметност” 2 дел, I– 6 ( дел од реализација на содржини програмирани од училиштето)

Подготовка и дизајн на Училиштен весник – двобој 14 и 15 број,
учество со презентација за учебната 2023 – 2024 година за училишната претстава
“Од најдобрите за најдобрите”

**2.Учество на обуки:**

- ,,Начини на превенција и справување со насилството во училиштата”- реализирана на 14.12.2023 г. Организатор: МОН и БРО

***Бисерка Макревска***

**1. Манифестации,натпревари,активности и награди**

* Коавтор на монографијата ,,70 години гимназиско образование во Гевгелија “,

Организатор: СОУ ,,Јосиф Јосифовски”-Гевгелија

* Учество во манифестацијата ,,70 години гимназиско образование во Гевгелија “- реализирана на 3.11.2023 г.

* Учество на литературниот конкурс на слободна тема распишан од ЈОУ Библиотеката ,,Гоце Делчев“-Гевгелија, ученици: Илина Иванџикова и Васил Стоев

* Учество на Интернационалниот конкурс за поезија и театар ,,Замокот на Дуино” на тема ,,Јас и ти “, ученик: Ангел Аевски

*Учество на литературниот конкурс ,,Агенција за млади и спорт “ ученик: Ангел Аевски

Учество на Регионален натпревар по македонски јазик и литература.
Ученици: Јана Димитрова и Надица Митрова

**2. Учество на обуки:**

* ,,Начини на превенција и справување со насилството во училиштата”- реализирана на 14.12.2023 г. Организатор: МОН

* ,,Родово базирано насилство и семејно насилство на локално ниво“- реализирана на 1.12.2023 г. Организатор: МОН

***Вања Манчева***

1. **Учество на натпревари, награди и манифестации:**

Коавтор на Монографија по повод 70 Години гимназиско образование во Гевгелија.

Учество во манифестација на СОУ ,,Јосиф Јосифовски“ по повод 70 Години гимназиско образование во Гевгелија.

2. **Обуки, работилници и други активности:**

Обука: ,,Врсничко насилство и справување со насилството во училиштата“ (МОН и БРО), реализирана на 14 декември.

Активности од Еразмус проектот ,,CLOSE“( октомври, ноември и декември).

***Славица Маркова***

1. **Учество на натпревари, награди и манифестации:**

Учество на Меѓународен поетски натпревар ,,Замокот на Дуино” Трст, Италија.
Ученик: Весна Папучиева

Учество на конкурс за поетска творба ,,Агенција за млади и спорт”
Ученик: Весна Папучиева

Учество на конкурс по повод Месец на книгата за 2023 година, распишан од Градска библиотека ,,Гоце Делчев” – Гевгелија.
Ученик: Весна Папучиева (освоено второ место)

Учество на МАССУМ во категорија Јавно говорење,
Ученик: Валентина Ангелова

Учество на МАССУМ во категорија Интервју за работа на македонски јазик.
Ученик: Кристина Глигороска

2. **Обуки, работилници и други активности:**

,,Родово базирано насилство и семејно насилство на локално ниво“- реализирана на 1.12.2023 г. Организатор: МОН

,,Начини на превенција и справување со насилството во училиштата”- реализирана на 14.12.2023 г. Организатор: МОН

***Александра Ќаева***

1. **Учество на обуки, семинари и работилници**

   14.12.2023 г. – обука: „Начини на превенција и справување со насилството во училиштата “. Организатор: ЦЕС Академија и БРО

2. **Активности, натпревари, манифестации, награди**
   - Коавтор на монографијата „70 години гимназиско образование во Гевгелија“ – издавач: СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија
   - Учество во манифестација по повод 70 години гимназиско образование во Гевгелија. Организатор: СОУ „Јосиф Јосифовски“
   - Учество на Конкурс за есеј на тема „Штедењето – чекор кон финансиска независност“. Организатор: Народната банка и Министерството за финансии на Република Среверна Македонија.

     Ученик: Никола Илиевски

***Тања Чугунцалиева***

**1. Активности, натпревари,манифестации, награди**

Учество на манифестацијата ,,Месец на книгата ” во организација на ЈОУ Библиотека ,,Гоце Делчев” – Гевгелија, на слободна тема
Ученик: Боркица Ѓоргиева III – 6,  Данче Стоименовска III - 6

Учество на литературен конкурс за најдобра поетска творба на слободна тема, во организација на,,Агенција за млади и спорт”.
Ученик: Боркица Ѓоргиева III – 6

Учество во Меѓународниот поетски фестивал „Замокот на Дуино“ Трст, Италија на тема ,,Јас и ти”.
Ученици: Марија Петрова и Кристина Танчева  I – 8

Учество и освоено трето место на Регионален натпревар по македонски јазик и литература одржан во Неготини,организатор: СДМЈЛ
Ученик: Боркица Ѓоргиева III – 6

Учество на Државен натпревар по македонски јазик и литератута одржан во Скопје,
Организатор: СДМЈЛ
Ученик: Боркица Ѓоргиева III – 6

Учество во манифестација по повод 70 години гимназиско образование во Гевгелија. Организатор: СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија.

Учество на МАССУМ во категорија Најдобра поетдка творба.
Ученик: Боркица Ѓоргиева

**2.Обуки, работилници и други активности:**

,,Врсничко насилство и справување со насилството во училиштата“ (МОН и БРО), реализирана на 14 декември.

***Даниела Џишева***

1. **Учество на натпревари, награди и манифестации:**

Учество на меѓународниот поетски натправар ,,Замокот на Дуино“ во Италија
Ученици: Бојана Басова и Јована Ѓореска.

Трета награда на драмската група ,,Дон Кихот“ на меѓународниот фестивал на уметностите ,,Утринска ѕвезда“ во Банско, Бугарија. Драмската група се претстави со театарската претстава

